РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

бр. 02-114/6
Скопје, 27.08.2024 година

Записник од прва седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 27.08.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-дин Љупчо Коцевски член
г- дин Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Душица Димириеска ја отвори првата седница на Советот во нов состав. Констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на првата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска предложи дневниот ред да биде дополнет со уште една точка и тоа:

- Разгледување и усвојување на Стратешкиот план на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за периодот 2024-2027 година

По што дневниот ред би гласел:

1. Усвојување на записникот од 106та седница на Советот на јавните обвинители на РСМ.
2. Донесување на одлука за престанок на функцијата јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Битола за јавниот обвинител Димче Пажески поради исполнување на услови за старосна пензија.
3. Донесување на одлука за мирување на функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Прилеп за јавниот обвинител Марјана Илиеска поради изборот за член на Советот на јавните обвинители на РСМ.
4. Донесување на одлука за избор на ВД Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Прилеп.

5. Усвојување на Предлог проекцијата за буџетот за 2025 година
6. Разгледување и усвојување на Стратешкиот план на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за периодот 2024-2027 година.
7. Разно

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 106-та седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека поради наполнување на 64 години возраст јавниот обвинител во ВЈО Битола, г-дин Димче Пажески на ден 05.09.2024 година ги исполнува условите за старосна пензија, по што Советот треба да донесе одлука и решение за престанок на функција јавен обвинител. Од страна на членовите на Советот предлогот на претседателот на Советот едногласно беше прифатен по што Советот донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител за јавниот обвинител во ВЈО Битола г-дин Димче Пажески заклучно со 05.09.2024 година.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Битола на јавниот обвинител Димче Пажески поради исполнување на услови за старосна пензија заклучно со 05.09.2024 година.**

Под точка три од дневниот ред претседателот на Советот истакна дека Советот треба да донесе одлука за мирување на функцијата јавен обвинител во ОЈО Прилеп за јавниот обвинител г-ѓа Марјана Илиеска поради изборот за член на Советот на јавните обвинители на РСМ заклучно со 01.09.2024 година. Предлогот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинителина на РСМ донесе одлука за мирување на функцијата јавен обвинител во ОЈО Прилеп за јавниот обвинител г-ѓа Марјана Илиеска поради изборот за член на Советот на јавните обвинители на РСМ заклучно со 01.09.2024 година.**

Под точка четири од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека поради изборот на јавниот обвинител Марјана Илиеска за член на Советот на јавните обвинители на РСМ, која до изборот за член на Советот ја вршела функцијата Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Прилеп, Советот треба да избере ВД Основен јавен обвинител на ОЈО Прилеп. Воедно кажа дека функцијата јавен обвинител во ОЈО Прилеп ја извршуваат уште двајца јавни обвинители од кој еден колега не ги исполнува условите за ВД Основен јавен обвинител. Останува само еден обвинител кој ги исполнува условите, а тоа е јавниот обвинител Лидија Салатоска

Илиоска која воедно ја предложи да ја извршува функцијата ВД Основен јавен обвинител на ОЈО Прилеп и согласно законот таа ги исполнува условите кои се предвидени за вршењето на функцијата ВД Основен јавен обвинител на ОЈО Прилеп, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски, која кажа дека со оглед дека нема голем избор и се сведува само на еден јавен обвинител и дека мора да биде избран од ОЈО Прилеп го подржа предлогот на претседателот на Советот. Воедно кажа дека станува збор за искусен јавен обвинител со исполнет критериум на стаж. Предлогот на претседателот на Советот беше ставен на гласање и истиот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за избор на вршител на должноста Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Прилеп од редот на јавните обвинители во Основното јавно обвинителство Прилеп каде се избира јавниот обвинител Лидија Салатоска Илиоска до избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Прилеп, но не подолго од шест месеци.**

Под точка пет од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека заклучно со 31.08.2024 година, потребно е предлог проекцијата за Буџетот за 2025 година да биде доставена до Министерството за финансии на РСМ., како и Стратешкиот план на Советот за период 2024-2027 година. Воедно кажа дека проекцијата била изготвена од страна на Раководителот на одделението за финансиски прашања. Претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со содржината на Предлог проекцијата на буџетот за 2025 година, со буџетските средства со кои располага Советот и сето тоа искажувајќи го преку бројки и ставки. Исто така птретседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржината на Стратешкиот план на Советот за период 2024-2027 година со зацртаните цели и приоритети на Советот за наведениот период, по што отвори дискусија по овие точки од дневниот ред.

Г-дин Ермон Незири се согласи со Предлог проекцијата на буџетот за 2025 година на Советот, кажа дека буџетските средства се минимални но тоа се условите и дека евентуално преку донации од страна на странски амбасади и други институции да се овозможат основни средства за работа на Советот. Во однос на Стратегијата кажа дека дадените предизвици ќе треба да се решаваат тековно во наредните три години.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги стави на гласање Предлог проекцијата на буџетот за 2025 година и Стратешкиот план на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за период 2024-2027 година.

Од страна на членовите на Советот едногласно беше усвоена Предлог проекцијата на буџетот за 2025 година, како и Стратешкиот план на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за период 2024-2027 година.

Под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот дека од страна на Основниот кривичен суд Скопје до Советот е доставено писмено известување во кое е наведено дека од страна на судот на ден 15.08.2024 година е донесена пресуда врз основа на предлог спогодба со обвинетиот Ицет Мемети член на Советот на јавните обвинители, со која е огласен за виновен за кривично дело Примање награда за противзаконито влијание од чл. 359 ст.3 вв ст.2 од КЗ и му е изречена алтернативна мерка условна осуда, како и казна – забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од три години сметано од правосилноста на пресудата. Воедно кажа дека од страна на г-дин Ицет Мемети до Собранието пред донесувањето на оваа пресуда имал поднесено барање за оставка од лични причини. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски истакна дека и на претходната седница има кажано дека не би сакал да учествува во дискусијата по ова прашање и начинот на кој што членот на Советот склучил спогодба. Постави прашање дали пресудата е правосилна. Воедно кажа дека со престанокот на мандатот на членот на Советот г-дин Антонио Јолевски, кој бил и член на Етичкиот совет, има потреба да се назначи нов член на негово место од страна на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска по однос на пресудата кажа дека истата е правосилна со дата од 15.08.2024 година, аво однос на назначувањето на член на Етичкиот Совет, кажа дека на наредната седница Советот ќе номинира член на Етичкиот совет.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека Советот нема што да расправа по однос на пресудата од причина што истата е правосилна и по истата нема расправа, но треба да се почитува законската постапка по повод неговото разрешување од страна на Собранието, па до денот на разрешувањето да му се пресмета плата.

Г-ѓа Светлана Жупаноска смета дека Советот треба да ја обезбеди пресудата од страна на судот за да може понатаму да постапува и воедно да се извести Собранието на РСМ дека има таква пресуда.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот писмено ќе се обрати до Кривичен суд за да се достави пресудата, а потоа да се извести и Собранието на РСМ.

Откако никој не зема збор, Претседателот на Советот ја заклучи првата седница на Советот

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Душица Димитриеска